„PHILOLOGICAL STUDIES“ – Славистичко меѓународно интердисциплинарно списание од областа на хуманистичките науки

Издавач

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Институт за македонска литература – Скопје

***Philological Studies,* Vol. XXIV No. 2 (2026)**



Главен уредник

проф. д-р Јасмина Мојсиева-Гушева – Институт за македонска литература, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Македонија

Извршен уредник:

д-р Тамара Ќупева – Институт за македонска литература. Скопје, Северна Македонија

Уредувачки одбор

проф. д-р Ивица Баковиќ – Факултет за хуманистички и општествени науки, Универзитет во Загреб, Хрватска

д-р Бојан Чолак – Институт за литература и уметност, Белград, Србија

д-р Нина Дитмајер-Прандо – Институт за словенечка литература и литературни студии, Љубљана, Словенија

проф. д-р Роберт Ходел – Институт за славистички студии, Универзитет во Хамбург Германија

проф. д-р Бранко Тошовиќ – Институт за славистички студии, Универзитет „Карл-Франц“ во Грац, Австрија

проф. д-р Оксана Микитенко – Институт за: уметнички студии, фолклор и етнологија „Максим Рилски“, Национална академија на науки на Украина, Киев, Украина

СОДРЖИНА / CONTENT

Предговор (мк) 17

Preface (en) 18

Предговор (ср) 19

Predgovor (sl) 20

Predgovor (hr) 21

Филозофски и културолошки проблеми / Philosophical-Cultural Problems

Ангелина Бановиќ-Марковска / Angelina Banović-Markovska

ВРЕМЕНСКАТА ДИМЕНЗИЈА НА ВИСТИНАТА КАЈ ДОСТОЕВСКИ И БУЛГАКОВ /

THE TEMPORAL DIMENSION OF TRUTH IN DOSTOEVSKY AND BULGAKOV 25-52

Историја и филологија / History and Philology

Дарин Ангеловски / Darin Angelovski

КАНОНСКАТА ПРЕТСТАВА ЗА ТВОРЕШТВОТО НА ПИСАТЕЛОТ ИВАН ТОЧКО И НЕГОВАТА НЕОБЈАВЕНА КНИЖЕВНОСТ ЗА ДЕЦА /

THE CANONICAL REPRESENTATION OF IVAN TOČKO'S WORK AND HIS UNPUBLISHED WRITINGS FOR CHILDREN 55-67

Јазикот во историско-културолошки контекст (компаративен аспект) / Word in Historical and Cultural Context (Comparative Aspect)

Андреј Стојановски / Andrej Stojanovski

ПАРОДИЈАТА И ХИПЕРБОЛАТА / PARODY AND HYPERBOLE . 71-92

Литературата во интеркултурен контекст / Literature in Intercultural Context

Вељко С. Ивановић / Veljko S. Ivanović

ИДИОТ СТАНИСЛАВА ВИНАВЕРА: *РАТНИ ДРУГОВИ* И ТРАГОВИ РУСКЕ КУЛТУРЕ /

THE IDIOT OF STANISLAV VINAVER: *WAR COMRADES* AND MARKS OF RUSSIAN CULTURE 95-129

Јована Караникиќ Јосимовска, Анастасија Ѓурчинова / Jovana Karanikikj Josimovska, Anastasija Gjurčinova

ИТАЛИЈАНСКИТЕ ПРЕВОДИ НА МАКЕДОНСКИТЕ КЛАСИЦИ:КОНЕСКИ И УРОШЕВИЌ ПРЕД ЧИТАТЕЛИТЕ ВО ИТАЛИЈА /

ITALIAN TRANSLATIONS OF MACEDONIAN CLASSICS: KONESKI AND UROŠEVIĆ FOR ITALIAN READERS 131-155

Ivica Baković

MAKEDONSKI KLASICI U HRVATSKOJ: PRIJEVODNA RECEPCIJA MAKEDONSKE KNJIŽEVNOSTI I MAKEDONSKOG KNJIŽEVNOG KANONA U HRVATSKOJ OD 1991. DO 2025. /

MACEDONIAN CLASSICS IN CROATIA: THE TRANSLATIONAL RECEPTION OF MACEDONIAN LITERATURE AND THE MACEDONIAN LITERARY CANON IN CROATIA FROM 1991 TO 2025 157-196

Ivana Latković, Ana Marić

SPISATELJICE U, OKO I ONKRAJ KANONA JUŽNOSLAVENSKIH KNJIŽEVNOSTI /

WOMEN WRITERS WITHIN, AROUND, AND BEYOND THE CANON OF SOUTH SLAVIC LITERATURES 197-225

Снежана Николић / Snežana Nikolić

БАГДАЛА (1954) КАО ЗАЧЕТАК ПОЕТИКЕ ФРАГМЕНТАРНОСТИ И КОЛАЖИРАЊА У СТВАРАЛАШТВУ ДУШАНА МАТИЋА /

BAGDALA (1954) AS THE ORIGIN OF THE POETICS OF FRAGMENTARINESS AND COLLAGE IN THE OEUVRE OF DUŠAN MATIĆ 227-249

Гоце Смилевски / Goce Smilevski

ЗОШТО МАКЕДОНСКАТА КНИЖЕВНОСТ Е ОТСУТНА ОД *ЗАПАДНИОТ КАНОН* НА ХАРОЛД БЛУМ? /

WHY MACEDONIAN LITERATURE IS ABSENT FROM HAROLD BLOOM'S *WESTERN CANON* 251-267

Марко С. Тошовић / Marko S. Tošović

УСМЕНА ПРИЧА И ТИШИНА У РОМАНУ КОД ХИПЕРБОРЕЈАЦА МИЛОША ЦРЊАНСКОГ /

ORAL STORYTELLING AND SILENCE IN THE NOVEL AMONG THE HYPERBOREANS BY MILOŠ CRNJANSKI 269-290

Jakov Milovac

ĐAVOLSKA ZVIJERI, ČUDNO SAZDANA: FOKALIZACIJA I ROD U IGRI S ĐAVOLOVIM REPOM VITOMILA ZUPANA /

DEVILISH BEAST, STRANGELY MADE: FOCALIZATION AND GENDER IN VITOMIL ZUPAN'S GAME WITH THE DEVIL'S TAIL... 291-306

Марија С. Цветићанин / Marija S. Cvetićanin

ОБЛИЦИ СМЕХА У ПРИПОВЕДНОМ СТВАРАЛАШТВУ ЛАЗЕ ЛАЗАРЕВИЋА /

FORMS OF LAUGHTER IN THE NARRATIVE CREATION OF LAZA LAZAREVIĆ 307-322

Matija Ivačić, Ivan Moharić

PANSLAVIZAM JÁNA KOLLÁRA U ODABRANIM DJELIMA HRVATSKIH ILIRSKIH PJESNIKA (ADOPCIJA I TRANSFORMACIJA)

JÁN KOLLÁR'S PAN-SLAVISM IN SELECTED WORKS OF CROATIAN ILLYRIAN POETS (ADOPTION AND TRANSFORMATION) 323-350

Современото општество во културата, јазикот и литературата / Modern Society in Culture, Language and Literature

Јасмина Мојсиева-Гушева / Jasmina Mojsieva-Gusheva

ПРИРОДАТА ВО МАКЕДОНСКИТЕ НАРОДНИ БАЛАДИ (Еколошки и семантички пристап) /

NATURE IN MACEDONIAN FOLK BALLADS (An Ecological and Semantic Approach) 353-375

Проучување на говорот и лингводидактика / Speech Studies and Language Didactics

Симона Груевска-Маџоска / Simona Gruevska Madjoska

СИНОНИМИЈАТА И ЛЕКСИЧКО-СЕМАНТИЧКАТА АКУМУЛАЦИЈА ВО РОМАНИТЕ НА ГОЦЕ СМИЛЕВСКИ (Семантички и стилистички аспекти) /

SYNONYMY AND LEXICO-SEMANTIC ACCUMULATION IN THE NOVELS OF GOCE SMILEVSKI (Semantic and Stylistic Aspects) 379-400

Рецензии и информации / Reviews and Information

Тамара Бабић / Tamara Babić

О ЈЕДНОЈ ПРЕКООКЕАНСКОЈ ЧЕЖЊИ / ON A TRANSEOCEANIC LONGING 403-406

Наталија Благојевић / Natalija Blagojević

ИЗМЕЂУ ПОЈМА И ТУМАЧЕЊА: VADEMECUM КАО САВРЕМЕНИ ВОДИЧ КРОЗ ИСТОРИЈУ УМЕТНОСТИ /

BETWEEN CONCEPT AND INTERPRETATION: VADEMECUM AS A CONTEMPORARY GUIDE THROUGH ART HISTORY 407-409

Валентина Миронска-Христовска / Valentina Mironska-Hristovska

ХРИСТИЈАНСТВОТО ВО ЦРНОГОРСКИОТ ДУХОВЕН И КУЛТУРНОИСТОРИСКИ ИДЕНТИТЕТ /

CHRISTIANITY IN THE MONTENEGRIN SPIRITUAL AND CULTURAL-HISTORICAL IDENTITY 411-421

Љубица Д. Нешић / Ljubica D. Nešić

СВЕТИ САВА У ИСТОРИЈИ, ТЕОЛОГИЈИ И УМЕТНОСТИ /

SAINT SAVA IN HISTORY, THEOLOGY, AND ART..... 423-428

Билјана Ристовска-Јосифовска / Biljana Ristovska-Josifovska

ТРКАЛЕЗНАТА МАСА „АКАДЕМСКИОТ ПРОФИЛ НА КРСТЕ МИСИРКОВ“ – ПО ПОВОД 150-ГОДИШНИНАТА ОД РАЃАЊЕТО /

ROUND TABLE "THE ACADEMIC PROFILE OF KRSTE MISIRKOV" – ON THE OCCASION OF THE 150th ANNIVERSARY FROM HIS BIRTH (SKOPJE, 18 NOVEMBER 2024)..... 429-435

Бојан Чолак / Bojan Čolak

СИНТЕТИЧКИ ХОРИЗОНТИ НУШИЋЕВОГ ДЕЛА: О МОНОГРАФИЈИ *КЊИЖЕВНИ СВИЈЕТ БРАНИСЛАВА НУШИЋА* ГОРАНА МАКСИМОВИЋА /

SYNTHETIC HORIZONS OF NUŠIĆ'S WORK: ON THE MONOGRAPH *THE LITERARY WORLD OF BRANISLAV NUŠIĆ* BY GORAN MAKSIMOVIĆ..... 437-441

UDK: 821.163.3.09

ЗОШТО МАКЕДОНСКАТА КНИЖЕВНОСТ Е ОТСУТНА ОД *ЗАПАДНИОТ КАНОН* НА ХАРОЛД БЛУМ?

Гоце Смилевски
Институт за македонска литература – Скопје
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
ORCID ID: https://orcid.org/0000-0001-5519-9553

Клучни зборови: Харолд Блум, книжевен канон, Блаже Конески, мали јазици, антитетичка критика.

Резиме: Во овој труд се разгледува отсуството на македонската книжевност од „Западниот канон: книгите и школата на епохите“ (1994) на Харолд Блум, спротивставувајќи го есејот „Пишувањето на ’мал‘ јазик“ на Блаже Конески на проектот на Блум. Канонот на Блум почива врз повеќе начела, меѓу кои строгоестетска селекција, оригиналност, разбрана како „чудност“, Шекспир како канонска мерка, и возвишеното како цел на читањето. Доследнопримењени, овие критериуми би можеле да вклучат во Западниот канон и македонски автори, чии опуси ги задоволуваат споменатите начела. Сепак, списоците од Каталогот на канонот, со близу деветстотини автори, не содржат ниту еден македонски автор, ниту пак претставници на: албанската, бугарската, словенечката, романската, украинската, и многу други национални книжевности, создавани на т. н. мали јазици. Во трудот се аргументира дека ова отсуство одразува три фактори што самиот Блум ги признава: случајностите на личниот вкус, немоќта авторитативно да се согледа канонот по 1800 година, и краткоста на еден човечки живот да се исчита сè што е естетски вредно.

WHY MACEDONIAN LITERATURE IS ABSENT FROM HAROLD BLOOM’S *WESTERN CANON*

Goce Smilevski
Institute of Macedonian Literature, Skopje
Ss. Cyril and Methodius University in Skopje
ORCID ID: https://orcid.org/0000-0001-5519-9553

Keywords: Harold Bloom, literary canon, Blaže Koneski, small languages, antithetical criticism.

Summary: This paper examines the absence of Macedonian literature from *The Western Canon: The Books and School of the Ages* (1994) by Harold Bloom, setting Blaže Koneski's essay "Writing in a 'Small' Language" against Bloom's project. Bloom's canon rests on several principles, among them strictly aesthetic selection, originality understood as "strangeness," Shakespeare as canonical measure, and the sublime as the aim of reading. Applied consistently, these criteria could well admit into the Western Canon Macedonian authors whose oeuvres satisfy the principles cited. Yet the lists in the Cataloguing of the Canon, comprising nearly nine hundred authors, contain no Macedonian author, nor any representatives of the Albanian, Bulgarian, Slovenian, Romanian, Ukrainian, or many other national literatures written in so-called "small" languages. The paper argues that this absence reflects three factors that Bloom himself acknowledges: the accidents of personal taste, the impossibility of authoritatively surveying the canon after 1800, and the shortness of a single human life for reading everything of aesthetic value.

1. Вовед

Во својот последен есеј, кој ѝ го диктирал на Зузана Тополињска неколку недели пред својата смрт, Блаже Конески кажува за феноменот, дури и исклучителновредните автори, доколку создаваат на т. н. мали јазици, најчесто да останат невидливи на светската книжевна мапа. Есејот е препечатен триесет и една година од првообјавувањето, под наслов „Пишувањето на'мал' јазик“ (Конески 2022: 569–572), во дванаесеттиот том од „Целокупните дела“ на Конески. Една година по смртта на Конески, во 1994 г., се појавува, најкористеното и најцитираното дело, чиј предмет е канонот во книжевноста: „Западниот канон: книгите и школата на епохите“ на Харолд Блум. Во овој текст ќе се обидам да се осврнам на начелата според кои Блум го осмислува Западниот канон, неговиот однос кон книжевностите, создавани на т. н. мали јазици, како и на прашањето зошто ниту еден македонски автор и зошто ниту едно дело од македонската книжевност ги нема меѓу близу деветстотини автори и над илјада и петстотини дела,

наведени во обемниот каталог со писатели и со дела, кои ги вбројува Блум во Канонот.

Во своето дело „Антитетичкиот канон на Харолд Блум“, Предраг Бребановиќ ни ја предочува еволуцијата на Блум од „еден од првите релативизатори на канонот (во седумдесеттите)“ до негов „месијански осамен поборник“ (Brebanović 2011: 70). Оваа подоцнежна фаза на Блум не е случајна затоа што станува збор за време во кое сè позачестени се дискусиите за канонот и сè погласни се барањата за негово ревидирање. Блум се вклучува во таа расправа инсистирајќи на една скромна авторска позиција, која сака да ја наметне, со тврдењето дека неговата цел при создавањето на ова дело била да каже „само што сум прочитал и што сметам дека заслужува препрочитување, што можеби е единствениот прагматичен тест за канонското“ (Bloom 1994: 517–518). Наспроти ваквиот непретенциозен став на кој инсистира Блум, „Западниот канон: книгите и школата на епохите“ уште со самиот наслов ја разоткрива тенденцијата на својот автор да биде кодификатор на канонот. Самата книга е комбинација од полемички манифест, преглед на дваесет и шест писателски опуси (автори, за кои Блум сугерира дека се столбови на Канонот), и четири обемни листи на дела, кои, според нивниот составувач, го сочинуваат Западниот канон.

Полемичниот слој на ова дело е насочен кон онаа група академски правци, кои, Блум со потценување, ги нарекува „Школа на огорченоста“ (*School of Resentment*), а тоа се: марксисти, феминистки, нови историцисти, деконструктивисти, афроцентристи и мултикултуралисти, кои, според неговиот светоглед, ја сведуваат литературата на сегмент од класна, родова или расна борба (Bloom 1994: 20). На овие полемички ставови на Блум се осврнува Соња Стојменска-Елзесер во својот текст „Контроверзите на „Западниот канон“ на Харолд Блум“, подеднакво како и на тоа што „словенските и балканските автори се многу маргинално спомнати“ (Stojmenska-Elzeser 2017: 79) во делото на Блум.

Композициски, книгата на Блум е распоредена во пет дела: воведниот „За канонот“ ги поставува теориските темели, трите

средишни дела ги обработуваат дваесет и шесте репрезентативни автори од аристократската, демократската и хаотичната епоха, додека пак завршниот дел насловен „Каталогизирање на канонот“ ги содржи заклучокот (насловен со, за авторот, карактеристичниот возвишен и „подигнат“ тон: „Елегичен заклучок“) и четирите додатоци со списоците на канонските автори и дела.

2. Книгата *Anxiety of Influence* како „предисторија“ на *Западниот канон*

Иако, како што ни посочува Бребановиќ во своето дело, Блум еволуира од релативизатор на канонот до негов страстен поборник, тоа не значи дека неговите ставови, тези и теории од пораната фаза не наоѓаат своја примена и реализација во подоцнежната фаза. Напротив. Дваесет и една година пред да го објави „Западниот канон“, Блум ја објавува „Анксиозноста на влијанието: теорија на поезијата“. Токму ова дело ги поставува начелата според кои тој подоцна го дефинира, го обликува и го составува Канонот. Основната теза, која ја поставува Блум во 1973 година, е дека историјата на поезијата не е историја на континуитет, туку историја на отпор. Во таа историја односот кон претходникот не е имитација, туку агон, односно борба во која писателот наследник си го создава своето место со тоа што погрешно ќе го прочита својот претходник. Во предговорот Блум сугерира дека анксиозноста од влијанието е постигната преку самото дело. Не е важно дали писателот, кој хронолошки доаѓа подоцна, ќе ја искаже својата анксиозност кон својот претходник и кон неговиот опус затоа што „силната песна е постигнатата анксиозност“ (Bloom 1997: xxiii). Блум го посочува агонот, но и свесноста за влијанијата, како нужен услов за настанувањето на поетот, кој „е осуден да ги научи своите најдлабоки копнежи преку свеста за други себства“ (Bloom 1997: 26).

Врската меѓу „Анксиозноста на влијанието: теорија на поезијата“ и „Западниот канон: книгите и школата на епохите“ е повеќеслојна. Пред сè, критериумот за канонското, поставен во „Западниот канон: книгите и школата на епохите“, произлегува од она што дваесет и една година пред тоа Блум го именува како

„силен поет“ и од она што тој „силен поет“ го создава, односно, канонско е она дело што ја издржало борбата со претходниците и ги принудило наследниците да се борат со него. Затоа, формирањето на каноното, тврди Блум, не е дело ниту на критичарите, ниту на академската средина, ниту на политичарите, туку „самите писатели, уметници и композитори ги определуваат каноните, бидувајќи мост меѓу силни претходници и силни наследници“ (Bloom 1994: 522). И самиот Блум, на извесен начин, посочува на надоврзувањето на „Западниот канон“ на „Анксиозноста на влијаието“, низ сугерирањето дека поимот „постигната анксиозност“ се пренесува од индивидуалното дело врз севкупноста на традицијата: „каноното е постигната анксиозност, исто како што секое силно книжевно дело е постигнатата анксиозност на својот автор“, и тој не нè ослободува од културната анксиозност, туку „ги потврдува нашите културни анксиозности, а сепак помага да им даде форма и кохерентност“ (Bloom 1994: 526–527).

„Анксиозноста на влијанието“ го детерминира и специфичниот начин на кој се претставени авторите во „Западниот канон“. Антитетичката критика дадена во „Анксиозноста на влијанието“, која подразбира читање на делото на еден автор секогаш во однос спрема неговиот претходник, во „Западниот канон“ се претвора во начело според кое е составен значаен дел од портретирањата на писателите што ги посочува Блум како основни носители на Каноното. Тие поглавја се поставени на компаративна основа, при што се потенцира односот претходник – наследник: Џојс – во агон со Шекспир, Фројд – како читател на Шекспир, Борхес, Неруда и Песоа – како Витмен од шпанското, односно од португалското јазично подрачје. На тој начин, „Западниот канон“ претставува потврда на тезите и на теориите, дадени во „Анксизоноста на влијанието“, и нивна примена во составувањето на каталогот на автори и дела, како и на конципирањето на освртите кон дваесет и шесте автори. Проблемот не е во тезите и во теориите од „Анксизоноста на влијанието“, туку во нивната примена, при која, Блум ги исклучува авторите што создаваат на т. н. мали јазици.

3. Западниот канон и занемарувањето на книжевностите, создавани на т. н. мали јазици

3.1. Начелата на Блум во осмислувањето на Западниот канон

Блум, на ниту едно место во делото, не ги изложува во форма на систематски список начелата, според кои се раководел при изборот на канонските дела и автори, но тие можат да се изведат од полемичките делови во книгата, како и од воведните белешки кон додатоците со списоците и од самата структура на делото.

Основното и најчестоповторувано начело во однос на изборот е дека критериумот на селекцијата е строгоестетски. Литературата за Блум не е ниту морален учебник, ниту социјален документ, и тој, секое сведување на естетското на идеолошко, го третира како бегство од уметноста. Ова начело, како основно, ќе се испреплетува со другите, а особено со начелото на возвишеното, како цел и на пишувањето, и на читањето.

Начелото на оригиналноста произлегува од теоријата на влијанието: канонско е она што е доволно оригинално за да го измести претходното и доволно силно за да создаде сопствени наследници. Тоа не е новина, во смисла на мода, туку она што Блум го нарекува „чудност“. Не станува збор за она што руските формалисти го нарекуваат „очудување“, „онеобичување“ (термин скован од Виктор Шкловски, во оригинал: „остранение“); станува збор за квалитет што ни по векови не се претвора целосно во конвенција, квалитет, кој не успеваат епигоните да го претворат во: клише, манир, лесноповторлив модел. Осврнувајќи се на ова начело, Бребановиќ вели: „Блум верува дека основниот квалитет на канонското пишување е оригиналноста. Таа, смета тој, произлегува од две текстуални карактеристики: моќта (power) и чудноста (strangeness)“ (Brebanović 2011: 133).

Поставувањето на Шекспир, како стожер на Канонот, е едно од основните начела: според Блум, Шекспир не е само најголемиот меѓу писателите, туку мерна единица за сите други. Кон него, повремено, го додава и Данте, како во заклучокот, во

кој категорично тврди дека „западниот канон е Шекспир и Данте“ затоа што сите други автори и дела во каноното се „она што тие го впиле и она што нив ги впива“ (Bloom 1994: 520). Овој принцип во однос на определувањето на она што е канонско Блум го предочува уште на самиот почеток на делото кога тврди дека Шекспир „е централната фигура на западниот канон“, во однос на која потоа ги разгледува „сите останати“ (Bloom 1994: 2).

Едно од начелата, кои се во основата на осмислувањето на Каноното, секако е и возвишеноста. Возвишеноста, смета Блум, е цел не само на пишувањето, туку и на читањето: „слободното и самотно соопство пишува за да ја надмине смртноста. Мислам дека сопството, во стремежот да биде слободно и самотно, во крајна линија чита само со една цел: да се соочи со величественоста. Тоа соочување одвај го прикрива стремежот да ѝ се придружи на величественоста, која е основа на естетското искуство кое некогаш беше нарекувано Возвишено: стремеж кон трансцендирање на ограничувањата“ (Bloom 1994: 523–524). Со ова начело се поткрепува првото начело во однос на изборот, кое налага дека основниот критериум на селекцијата, која ја има направено Блум, е строгоестетски.

3.2. Епохите во каноното

Структурата на периодизацијата во „Западниот канон“ Блум ја има преземено од „Новата наука“ (*La Scienza Nuova*) „на“ италијанскиот философ и историчар од добата на просветителството, Џамбатиста Вико. Уште на самиот почетокот од своето дело Блум го наведува циклусот на Вико од „три фази – теократска, аристократска, демократска – проследен со хаос од кој најпосле ќе се појави нова теократска епоха“ (Bloom 1994: 1). Блум додава и четврта епоха што не постои кај Вико: „Вико не претпоставуваше Хаотична епоха пред *ricorso*-то, односно пред враќањето на втората Теократска епоха; но нашиот век, иако се преправа дека ја продолжува Демократската епоха, не може подобро да се окарактеризира освен како хаотична“ (Bloom 1994: 2).

Теократската епоха е првиот слој во Канонот, во која станува збор за периодот кога делата се создавани во контекст на религиозниот и митскиот авторитет. Тоа е и единствената епоха што Блум не ја вклучува во аналитичкото јадро во кое ги обработува дваесет и шесте автори. Уште во самиот вовед најавува: „ја испуштив литературата на Теократската епоха“ и: „мојот историски редослед започнува со Данте и се завршува со Семјуел Бекет“ (Bloom 1994: 2). Коренот на ваквиот избор е во тоа што, за Блум, токму со Данте започнува идејата за световен канон. Списокот на автори и на дела, кои се дел од оваа епоха, и кои во последниот дел од книгата се дадени во „Додаток А“ (*Appendix A*) е поделен во географско-историски групи: стариот Блиски Исток, античка Индија (дела создавани на санскрит), старите Грци, Римјаните и средниот век на латински, арапски и на народните јазици пред Данте. Во однос на времето, кое го опфаќа, оваа епоха е со најголем опсег: од „Епот за Гилгамеш“, египетската „Книга на мртвите“ и хебрејската „Библија“, преку „Махабхарата“ и „Бхагавад Гита“, Хомер, старогрчките трагичари, комедиографи и поети, потоа Платон и Аристотел, до римскиот корпус и до средновековните дела, настанати пред Данте: Свети Августин, „Куранот“, „Илјада и една ноќ“, „Беовулф“, „Песна за Сид“, Кретиен де Троа и Кристина де Пизан.

Аристократската епоха е централниот период, кој, за Блум, е и најзначајна епоха. Според дефиницијата на Вико, тоа е епохата што „ги слави хероите“ (Bloom 1994: 249), и е доба на возвишената индивидуа и на високиот стил. Под „аристократско“ Блум не подразбира класна припадност на авторите, туку естетска и духовна ориентација, која подразбира верба во хиерархија на дарбата, во исклучителноста на одделни дела и во високиот стил. Блум прецизно ја определува временската рамка на оваа епоха – стнува збор за „распон од петстотини години, од „Божествена комедија“ на Данте до Гетеовиот „Фауст, втор дел“ на Гете – ера што ни дава огромен корпус за читање во пет големи литератури: италијанската, шпанската, англиската, француската и германската“ (Bloom 1994: 534). Блум директно ги посочува двата меѓници: „Данте ја инаугурираше Аристократската епоха

на литературата, и покрај неговата постојана приврзаност кон алегоријата на Теолошката епоха“ (Bloom 1994: 108). Подоцна, во книгата пишува дека „Гете сам по себе е цела култура, културата на книжевниот хуманизам во долгата традиција што оди од Данте до „Фауст, втор дел“, канонското достигнување на Аристократска епоха на Вико“ (Bloom 1994: 215). Во аналитичкото јадро, кое опфаќа дваесет и шест автори, оваа епоха е застапена со деветмина творци (Шекспир, Данте, Чосер, Сервантес, Монтењ, Молиер, Милтон, Џонсон и Гете), и таа го има најголемото тежиште во Канонот.

Демократската епоха е третиот период, па осврнувајќи се на неа, Блум пишува во воведната белешка кон „Додаток В“ (*Appendix C*): „Ја лоцирав Демократската епоха на Вико во постгетеовскиот деветнаесетти век, кога литературата на Италија и на Шпанија опаѓа, отстапувајќи ѝ го првенството на Англија со нејзината ренесанса на ренесансата во романтизмот, а во помал степен на Франција и Германија. Тоа е и ерата во која започнува силата и на руската и на американската литература“ (Bloom 1994: 540). Суштина на овој период, смета Блум, е поместувањето на интересот од херојот кон обичниот човек: според виковската формула, таа епоха „ги вреднува човечките суштества“ (Bloom 1994: 249). Но, во исто време Блум потенцира дека кај, според него, најсилните писатели на Демократската епоха (Витмен, Толстој и Ибзен) е присутна варварска моќ. Осврнувајќи се на „Песна за самиот себе“ на Витмен, на „Хаџи Мурат“ на Толстој и на „Пер Гинт“ на Ибзен, Блум пишува дека во нив има „толку раскош и великодушност што има смисла сите тројца да се наречат вистински хомеровски“ (Bloom 1994: 279). Оттаму, Блум заклучува дека оваа епоха, и покрај името, не го напушта херојскиот тон.

Хаотичната епоха е четвртиот и последниот период, а истовремено е и единствениот што Блум го прави како свое надоградување на структурата поставена од Вико. Во поглавјето за Вордсворт пишува: „За Вико немало Хаотична епоха, туку само Хаос за време на кој ќе започне враќањето кон Теократската епоха. Според моето гледиште, нашето столетие го овековечи хаосот во нашето долго одложување (нека трае!) на нова

Теократска ера“ (Bloom 1994: 249). Блум ги посочува и, според него, најзначајните писатели на оваа епоха: „Нејзини клучни писатели се Фројд, Пруст, Џојс, Кафка: тие го олицетворуваат севкупниот книжевен дух што ерата го поседува“ (Bloom 1994: 2). Ним им се придружуваат уште неколку големи фигури: Вирџинија Вулф, Борхес, Неруда, Песоа и Бекет.

3.3. Западниот канон на Блум и книжевностите создавани на т. н. мали јазици

Списокот автори и дела, кои спаѓаат во Хаотичната епоха, е многу пообемен од оние на претходните три епохи, а истовремено и географски најширок: покрај Италија, Шпанија, Португалија, Франција, Германија, Велика Британија и Ирска, скандинавските и неколку источноевропски земји: Русија, Грција, Турција, Соединетите Американски Држави, Латинска Америка, Африка, Карипските Острови, Канада, Австралија, Нов Зеланд, Индија, Израел и Јапонија. Од друга страна е забележливо отсуството на автори, кои создавале на т. н. мали јазици, на кои се создавани национални книжевности, кои фаќаат „чекор со светот“ токму во оваа Хаотична епоха. Од над петстотини автори и над осумстотини дела, кои ги наведува Блум во „Додатокот Г“ (*Appendix D*), осумдесетина автори и над сто и педесет дела се од: Велика Британија и Ирска и над сто и шеесет автори и близу триста дела се од Соединетите Американски Држави. Тоа значи дека повеќе од половината дела од Хаотичната епоха, според Канонот на Блум, се настанати на англиски јазик, на територијата на: САД, Велика Британија и Ирска, а ним треба да им се додадат и одвај трите автори (секој со по едно дело) од Индија, кои пишувале на англиски, како и оние дела (од вкупно четиринаесет) настанати на африканскиот континент, кои се, исто така, напишани на англиски. Меѓу авторите од САД има и такви, чија книжевна вредност е дискутабилна, а од друга страна нема ниту еден автор, ниту едно дело, кое ѝ припаѓа на: македонската, словенечката, албанската, украинската, романската, бугарската, босанската книжевност (да наведеме дел од „отсутните“ книжевности на европскиот континент, а уште поголемо е занемарувањето кога станува збор за книжевноста,

создавана на тлото на: Африка, Азија, Јужна Америка). Во заклучокот од овој текст, ќе се осврнеме на прашањето: дали е можно запоставувањето што го прави Харолд Блум во однос на книжевностите, создавани на т. н. мали јазици, да е последица токму на хаосот, кој владее со епохата во која живееме и која, Блум ја нарекува Хаотична епоха?

4. Блаже Конески, пишувањето на „мал“ јазик, и светската книжевна мапа

Есејот со кој го започнав овој текст за првпат е објавен во додатокот за култура ЛИК, на дневниот весник „Нова Македонија”, на 17.XI 1993 г. (дваесет дена пред смртта на авторот), а потоа, под наслов „Пишувањето на’мал‘ јазик“, е препечатен во 2022 г., во дванаесеттиот том од „Целокупните дела“ на Блаже Конески. Конески го завршува своето искажување со мислата: „Така ви раскажав јас нешто и за својата поетска судбина“ (Конески 2022: 572), и на некој начин тој текст претставува негов творечки тестамент (а не само поетски, произлезен од неговата поетска судбина) затоа што ги допира прашањата и на поезијата, и на јазикот, и на тоа што значи да се пишува литература на јазик на мал народ, како и што значело да се пишува на македонски јазик во времето пред неговото стадардизирање и непосредно потоа.

На самиот почеток од „Пишувањето на’мал‘ јазик“, Конески ги доведува во врска поезијата и љубовта: „Во поезијата, како и во љубовта, е сè речено, а сепак треба сè допрва да се рече“ (Конески 2022: 569). Од оваа согледба, произлезена од личниот животен и поетски опит не може да се насети она што ќе следи потоа, а што е резултат на горчливиот талог на искуството, создаден од конфронтациите со оние што го уверувале дека е бесмислено создавањето поезија на македонски јазик: „На мнозина може да им се чини и претерано, кога таа потреба се појавува дури и во мала средина, на јазик на еден мал народ. Каква смисла има тоа? Сакам кратко да се задржам на таа тема, зашто се работи за мојот случај. Повеќе од половина век јас пишувам песни на јазик на еден народ што го сочинуваат околу два милиона луѓе. Да биде мојата позиција уште поранлива,

јазикот на којшто пишувам, македонскиот, е кодификуван допрва во 1945 година и јас лично сум зел извесен удел во тој чин, за потоа пак во текот на неколку децении да му се посветам како славист на изучувањето на историјата и современата состојба на својот мајчин јазик“ (Конески 2022: 569). Кодификацијата на јазикот не значела и замирање на оспорувањето на правото за изразување низ македонскиот јазик: „... на мојата литературна и научна дејност од некои центри на моќ на Балканот ни се оспорува правото да пишуваме на свој јазик и да се сметаме за современа народна заедница. Дали не се работи тогаш за една неразбирлива и безрасудна тврдоглавост од наша страна? Ми го поставуваа не еднаш директно прашањето дали се исплаќа човек да создава јазик за два милиона луѓе. Што можев да одговорам? Можев да свртам на шега и да речам дека судејќи по тоа што не сум богат човек таа работа не била лукративна. Сепак, јас најсериозно велев дека некој што подобро од нас сите знае какво треба да биде устројството на светот очевидно решил покрај големите народи и јазици да има и мали народи и јазици“ (Конески 2022: 569). Конески, кој како лингвист и човек што имал клучна улога во кодификацијата на македонскиот стандарден јазик несомнено нужно се одликувал и со силна карактеристика на рационалист, несомнено нè збунува со оваа мисла, кажана токму во еден лингвистички контекст, во која се повикува на некои сфери, далечни на опипливото и научнопотврдливото, и која како да е искажана од теолог: во неа тој ја изразува својата верба во Божјата улога во креирањето на јазиците, а и длабоката смисла за постоењето и на „големите“ и на „малите“ јазици ја доведува во врска со нешто што не може да ни биде познато додека сме на Земјата, смисла што е дел од Божјата промисла.

Конески, во овој есеј, зборува и за „чувството на потиштеност, кога неговата дејност се следи со потценување и презир“ поради припадноста на „мал“ народ и „мал“ јазик, и го согледува тоа чувство кај сите македонски поети, кои „се наоѓале и се наоѓаат постојано под таа психичка пресија.“ Тој си спомнува за времето кога ги пишувал своите први песни на македонски јазик: „Имав тогаш осумнаесет години. Веќе во една

од тие најрани песни јас ја искажувам горчината од реалноста, во која требаше да настапи нашата генерација. „Рика во мене маката“ – се вели таму – „дека сум роден во смачкано племе“. Но, за жал, никој не избира кога и каде ќе се роди.“ Пишувајќи за земјата во која бил избран да се роди, Конески вели: „Нашата земја, Македонија, беше најрано христијанизиран словенски регион. Но во XIX век тој регион остана периферен спрема центрите на национална диференцијација на Балканот. Ни еден од тие центри не беше доволно закрепнат во културен и економски поглед да може да ги привлече во својата сфера нашите краишта и да го модернизира животот во нив. Ние не можевме да чекаме дури тие да созреат. Кај нас почна самостојна национална акција. Така, по силата на историските околности, се случи да станеме мал, оспоруван народ.“ Конески понатаму во текстот сведочи за историската улога, која, во еден клучен момент од македонската историја, им се паднала нему и на неговите врсници: „Ние, мојата генерација, тогаш млади и неопитни, тргнавме во животот посветени на македонската идеја, готови да и служиме како на нешто свето и светло, загрижени за судбината на својот народ. Ние бевме уверени дека имаме браќа во целиот свет. Кочо Рацин (1908 – 1943), когошто ние го сметаме за основоположник на современата македонска поезија, во една своја песна и се обраќа на мајката со молба да не жали што не стекнал свој дом, зашто куќа му е целиот братски свет.“ Таа увереност дека во светот постојат сродности меѓу луѓето нужно ја отвора и другата страна на вистината, дека светот, совен браќа, ќе понуди и непријатели: „Но оние од спротивната страна ни поставуваат постојано граници, сопки и пречки. Цели педесет години подоцна јас бев принуден да се вратам пак на мотивот од својата спомената рана песна и дури со иста болка да изјавам дека „уште рика маката во мене дека сум роден во смачкано племе“, а на друго место да речам дека ние, македонските поети, вршиме можеби „најзалудна работа на светот“. Сепак не се предавав. И мојата вера најде во истата песна израз во зборовите: „Но сепак, се надевам, дека не е туку така / што сум бил подложен на таков искус / и на таква една мака“.“ (Конески 2022: 570). Самиот Конески вели дека и од неговата поезија е забележливо колку го „окупирало прашањето за смислата да пишуваш поезија на јазик

на мал народ.“ Таа обземеност од ова прашање не била поттикната само од обидите за негација со кои се соочувал при конфронтациите со негаторите на посебноста на македонскиот јазик, туку дури и од оние што му биле блиски: „Не еднаш сум го чул мислењето, и од свои пријатели од странство, дека сум јас погрешно пласиран човек. Тоа значи дека не требало да се родам каде што сум роден или, во најмала рака, требало со време да се иставам оттука и да си ја барам среќата на друго место.“ Тој го наведува примерот на поетите, кои, во почетокот пишувале на својот „мал“ јазик и останале незабележани подалеку од границите на својата земја, а „подоцна со успех се потврдиле и стекнале дури меѓународна репутација, преминувајќи на некој светски јазик. За таа појава се наоѓа објаснение во една целосна општествена и лична ситуација. И мене не еднаш ми се обраќале со прашање зошто не пишувам на еден од веќе афирмираните јужнословенски јазици. Во мојата ситуација не беше можна ни помислата за таква преориентација.“ Причината зошто Конески не преминал на пишување на т.н. „голем“ јазик не е поради лингвистичка препрека затоа што одлично можел да се изразува на повеќе јазици, туку е прашање на лична етика и морална одговорност: „за мене едно такво решение би значело интимен пораз. Јас би го доживеал тоа како изневера кон својата генерација, кон своите врсници, понесени од македонската национална идеја. Не еден од моите другари падна како жртва за таа идеја во годините на антифашистичкиот отпор. Загинаа и неколку македонски поети, меѓу нив и нашиот родоначалник, Кочо Рацин. Јас не можев да го погазам нивниот завет“ (Конески 2022: 571). Со други зборови, за Конески пишувањето на македонски јазик го доживува како морална обврска.

Човечката големина на Конески и неговата длабока етичност е во неговата одлучност да не инсистира како на непореклив аманет до сите следни генерации да го следат неговиот пример: тој својот избор, предодреден од неговото чувство на долг (кон Рацин и останатите претходници) и должност (кон следните генерации, а меѓу другото и произлезен од тоа што токму тој е востановувачот на стандардизацијата на македонскиот јазик), не го наметнува на останатите автори, родени говорители на

македонскиот јазик. И тоа особено го потенцира: „Сакам, за да нема недоразбирање, да подвлечам дека е тоа мој личен опит и дека јас не мислам својата позиција да ја обопштувам и да ја сметам задолжителна за секој македонски писател. Секој се наоѓа во некои посебни околности и секој има право на свој избор“ (Конески 2022: 571). Овој став произлегува од една длабока етичност, која подразбира суштинско согледување на секој човечки живот како единствен и посебен, зависен од контекстот во кој се одвива, и дека околностите во кои ќе се најдат некои поединци од следните генерации можеби ќе ги одведат кон создавање на литература на некој друг јазик.

Наведувајќи дека се чувствувал, поради сите претходнонаведени причини во есејот, „под постојана психичка пресија“, Конески вели дека успеал, со своето самочувствие и со својот визионерски став, да им пркоси на околностите: „јас ни најмалку не се чувствував како провинцијалец, исклучен од светскиот литературен процес. Јас ја гледав шансата на младите литератури во едно резултатно вкрстување на вредностите на локалната традиција со литературните струења што се шират од центрите на изразита културна радијација,“ и заклучува дека неговата визија се остварила: „Современата македонска поезија има постигнато забележливи резултати имено во еден таков контакт“ (Конески 2022: 571).

5. Заклучок

Конески, несомнено, спаѓа во оние автори што со високата естетска вредност на своите опуси ги задоволуваат сите начела за кои веќе зборувавме во овој текст, според кои се има раководено Блум при осмислувањето на Западниот канон, а сепак се отсутни од списокот во каталогот составен од Блум. Причината за тоа не е една, а неколку одговори дава самиот автор на „Западниот канон“. Еден од нив гласи: „Она што е тука несомнено одразува извесни случајности на мојот личен вкус, но никако не ги претставува целосно моите идиосинкратични склоности.“ (Bloom 1994: 548). Со ова „признание“ Блум ни става до знаење дека изборот на автори и дела е прашање на негов личен вкус, дека (споменувајќи ги „извесните случајности на својот“ вкус) и

самиот тој може да згреши во изборот, а истовремено и дека не вклучил сè што му се допаѓа. Но, на истата страница од делото Блум тврди нешто што му противречи на веќецитираниот исказ: „Роберт Лоуел и Филип Ларкин се тука затоа што, се чини, јас сум единствениот жив критичар што ги смета за преценети“ (Bloom 1994: 548).

Блум уште на самиот почеток од своето дело ги дава, веројатно, и најсуштинската причина зошто автори, кои заслужуваат да бидат дел од списоците, кои се однесуваат на Демократската и на Хаотичната епоха, сепак не се дел од Западниот канон. Првата причина се однесува на недоволната временска дистанција: „Никој нема авторитет да ни каже што е Западниот канон, сигурно не од околу 1800 година до денес. Тој не е, ниту може да биде, точно списокот што јас го давам, ниту оној што кој било друг би можел да го даде. Ако беше така, тоа би го претворило таквиот список во обичен фетиш, во уште една стока“ (Bloom 1994: 37). Втората причина е поврзана со факторот време и неможноста во еден човечки живот да се исчита сè што е вредно: „Библиските седумдесет години веќе не се доволни за прочитување ниту на селективен избор од големите писатели на она што може да се нарече западна традиција, а камоли на сите светски традиции“ (Bloom 1994: 15). Тука е нужно да се сетиме на зборовите на Конески – дека делата создавани на т. н. мали јазици се оние што потешко го наоѓаат својот пат до присуство на светската книжевна мапа, па оттаму и при селективноста во исчитувањето на оние што ги сочинуваат книжевните канони, а нивните дела најчесто остануваат незабележани. Нам ни преостанува да се надеваме дека еден ден, по завршувањето на овој период што Блум го нарекува Хаотична епоха, ќе настапи епоха во која составувачите на книжевните канони ќе се посветат токму на оние книжевности што не го најдоа своето место во „Западниот канон: книгите и школата на епохите“.

Литература

Конески, Блаже. (2022). „Пишувањето на ’мал‘ јазик“. *Целокупни дела на Блаже Конески. Том 12. Прилози за современиот македонски јазик.* Критичко издание во редакција на Катица Ќулавкова.

Приредиле Елена Петроска, Станислава - Сташа Тофоска. Скопје: МАНУ. 569–572. [Koneski, Blazhe. (2022). „Pishuvanjeto na 'mal' jazik". ["Writing in 'a small' language"]. *Celokupni dela na Blazhe Koneski. Tom 12. Prilozi za sovremeniot makedonski jazik.* Kritichko izdanie vo redakcija na Katica Kjulavkova. Priredile Elena Petroska, Stanislava – Stasha Tofoska. [*Coplete Works of Blazhe Koneski. Contributions to the Contemporary Macedonian Language.* Critical edition edited by Katica Kjulavkova. Prepared by Elena Petroska, Stanislava - Stasha Tofoska] Skopje: MANU. 569–572. (In Macedonian.)]

Bloom, Harold. (1997). *The Anxiety of Influence: A Theory of Poetry*. 2. edition. New York and Oxford: Oxford University Press.

Bloom, Harold. (1994). *The Western Canon: The Books and School of the Ages*. New York and San Diego, London: Harcourt Brace & Company.

Brebanović, Predrag. (2011). *Antitetički kanon Harolda Blooma*. Beograd: Fabrika knjiga.

Stojmenska-Elzeser, Sonja. (2017). "The Controversies of *The Western Canon* by Harold Bloom." *Proceedings of the ESIRDP International Conference: English Studies at the Interface of Disciplines: Research and Practice.* Editors: Bekar, Mira; Maleska, Kalina; Stojanovska-Ilievska, Natasha. Skopje: Ss Cyril and Methodius University in Skopje. 77-82.